# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 3** **Понеделник, 14 Март 2022** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А

1. *Заклучок за недонесување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија……………………………………………………………………………………....*
2. *Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на проценката на загрозеност за општина Демир Капија……………………………………………………………………………….....*
3. *Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија………...*
4. *Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година…..*
5. *Заклучок за недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година……………………………..*
6. *Заклучок за недонесување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во општина Демир Капија за 2022 година………………………………...*
7. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред……………………………………………………...*
8. *Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија…………………………………………………………………………………………………………*
9. *Заклучок за неусвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2021 година………………………………………………………………*
10. *Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија…………………………………………………………………………………..*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за недонесување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија**

Се објавува Заклучок за недонесување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/1 Градоначалник на
14.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За недонесување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија не ја донесе Одлуката за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 210/2 Претседател на Совет на
11.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/2 Градоначалник на
14.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 14 став 1 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот и чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената ("Службен весник на РМ" бр.13/2011), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За отпочнување на активности за ажурирање на процената на загрозеност за општина Демир Капија**

**Член 1**

Со донесувањето на оваа одлука отпочнуваат активностите за редовно ажурирање на процената на загрозеност за општина Демир Капија, координирани од страна на надлежниот регионален центар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 210/3
11.03.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/3
14.03.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 67 став 6 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија.

**Член 2**

Работното време во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија започнува во 05:00 часот а завршува во 17:00 часот, со тоа што работното време ќе се одвива во една смена.

**Член 3**

Се задолжува Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија да го почитува утврденото работно време.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија бр.08-584/3 од 01.09.2017 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 210/4
11.03.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Буџетски календар за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/4
14.03.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), Советот на општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година**

**Член 1**

Се донесува Буџетски календар на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година во кој се регулираат роковите на планирањето на општинскиот буџет и тоа како следи:

| Р.бр | Опис на активноста - процедура | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | *Советот на општината го усвојува буџетскиот календар* | Јануари, февруари |
| 2. | *Градоначалникот подготвува препорака за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет* | Април, мај |
| 3. | *Градоначалникот ги поднесува препораките за подготовка на финансиските планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет* | Април, мај |
| 4. | *Корисниците на општинскиот буџет ги поднесуваат нивните трошковници и финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции* | Најдоцна до 31 мај |
| 5. | *Секторите доставуваат предлог на план за програми за развој со комплетна проектна и техничка документација* | Најдоцна до 31 мај |
| 6. | *Секторот за финансиски прашања во општината ги анализира барањата од корисниците на буџетот и го известува градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања)* | До 15 јули |
| 7. | *Секторот за финансиски прашања го изготвува Нацрт Буџетот и го доставува до Градоначалникот* | До 31 јули |
| 8. | *Министерот за финансии доставува Буџетски циркулар-насоки за подготвување на буџетите на ЕЛС за наредната година* | најдоцна до 30 септември |
| 9. | *Градоначалникот го доставува Нацрт Буџетот до Советот на општината, го претставува буџетот на јавноста-граѓаните, медиумите, организира јавна расправа* | Октомври |
| 10. | *Се подготвува Предлог-План на програми за развој и се доставува до Советот на одобрување* | најдоцна до 15 ноември |
| 11. | *Советот го одобрува Предлог-Планот на програми за развој и истиот станува составен дел на Предлог-Буџетот* | Најдоцна до 30 октомври |
| 12. | *Градоначалникот го поднесува Предлог-Буџетот до Советот* | Најдоцна до 10 ноември |
| 13. | *Советот на општината го усвојува Предлог-Буџетот за наредната година* | најдоцна до 31 декември |

**Член 2**

Буџетскиот календар за 2023 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 210/5
11.03.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Заклучок за недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/5 Градоначалник на
14.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

**1.** Советот на општина Демир Капија не ја донесе Програмата за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 210/6 Претседател на Совет на
11.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за недонесување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Заклучок за недонесување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/6 Градоначалник на
14.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За недонесување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во општина Демир Капија за 2022 година**

**1.** Советот на општина Демир Капија не ја донесе Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во општина Демир Капија за 2022 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 210/7 Претседател на Совет на
11.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/7
14.03.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на 11.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 7 "Предлог-Оперативна програма за одржување на јавно зеленило на територијата на Општина Демир Капија за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 210/8
11.03.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/8
14.03.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19), Советот на општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

**1.** Од член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија, се разрешува:
- **Љупчо Ризов**

**2.** За член на Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија, со мандат до крајот на мандатот на Управниот одбор, се именува:
- **Даниела Каранфилова**

**3**. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 210/9
11.03.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за неусвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2021 година**

Се објавува Заклучок за неусвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2021 година, што Советот на Општина Демир Капија го

донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/9 Градоначалник на
14.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За неусвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2021 година**

**1.** Советот на општина Демир Капија не го усвои Годишниот извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2021 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 210/10 Претседател на Совет на
11.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 11.03.2022 година.

Број 09 –232/10 Градоначалник на
14.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-198/1 од 03.03.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 11.03.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија**

**1.** По барање на Здружението КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија со седиште на ул.Првомајска бр.5 Демир Капија, Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **150.000,00 денари**.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија, Програма А00 подставка 463 110–трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 210072828850113 на Кајакарски Кану Клуб ПРОСЕК од Демир Капија.

**3.** Здружението КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија да достави извештај до советот за тоа каде се потрошени доделените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 210/11 Претседател на Совет на
11.03.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---